**Известување за концентрација со која Триглав Склади, друштво за управување ДОО, Љубљана, Словенија ќе стекне единствена контрола врз Алта Склади, друштво за управување АД од Љубљана, Словенија (предмет бр. 08-90 од 11.12.2018 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен Весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 11.12.2018 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација со која Триглав Склади, друштво за управување ДОО со регистрирано седиште на Словенска цеста 54, 1000 Љубљана, Словенија ("Триглав Склади") контролирано друштво од Заваровалница Триглав и со кое заедно со другите друштва ја сочинуваат Триглав Групата на друштва ("Триглав Gрупа") ќе стекне единствена контрола врз Алта Склади, друштво за управување АД со регистрирано седиште на Железна цеста 18, 1000, Љубљана, Словенија преку купопродажба на 100% од акциите на Алта Склади, друштво за управување АД врз основа на договор за купопродажба.

1.Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

Триглав Склади е друштво за управување со имот. Главниот бизнис на Триглав Склади е управување со инвестициски фондови, индивидуално управување со средства и инвестициско советување.

Заваровалница Триглав е крајно матично друштво на Триглав Групата („Триглав Група"). Главниот бизнис на Групата е осигурување. Клучниот пазар на Триглав Групата е Југоисточна Европа, кадешто е рангирана помеѓу најголемите осигурителни/финансиски групации.

Триглав Групата има две поврзани друштва во Република Македонија и тоа се следните:

1. Триглав Осигурување АД Скопје со регистрирано седиште на бул. 8ми Септември бр.16 (зграда Хипериум). Скопје-Република Македонија. Дејноста на друштвото опфаќа неживотно осигурување.
2. Триглав Осигурување Живот АД Скопје со регистрирано седиште на бул. 8ми Септември бр.16 (зграда Хипериум). Скопје-Република Македонија. Дејноста на друштвото опфаќа животно осигурување .

Алта Склади, друштво за управување АД управува со 19 UCITS инвестициски фондови на територијата на Република Словенија и три UCITS инвестициски фондови (Алта Емерџинг Бонд, Алта Мултикеш, Алта Спешл Опортунити) на територијата на Република Хрватска. Концентрацијата ги вклучува потфатите на Целното друштво во целост- друштвото за управување со инвестициски фондови и сите инвестициски фондови во управувањето на тоа друштво.

Алта Склади, друштво за управување АД од Љубљана-Словенија нема поврзани друштва во Република Македонија.

2. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

3. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

13.12.2018 година
Скопје